Друштво за снабдување со топлинска енергија
СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје
ул. „Лондонска“ број 8, 1000 Скопје

Врз основа на член 235 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ бр.28/2004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011,166/2012 и 70/2013), Одлука на Управниот одбор на Балкан Енерџи Груп АД бр.02-94/8 од 11.04.2014 година, член 6 и член 8 од Тарифен систем за продажба на топлинска енергија (Службен весник на РМ бр.99/13) Управителот на Друштвото Снабдување со топлина БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје, на ден 16.04.2014 година ја донесе следнава

Друштво за снабдување со топлинска енергија
СНАБДУВАЊЕ СО ТОПЛИНА
БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ
Бр. 02-441
17.04.2014 год.
СКОПЈЕ

## ОДЛУКА

### за определување на трошоци за исклучување и повторно приклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдуваат трошоците за исклучувањето и повторното приклучување на потрошувачите од/на грејната инсталација на објектот и трошоци за вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот.

**Член 2**

За потрошувачите кои бараат да се исклучат од грејната инсталација на објектот се дефинираат следните трошоци:

(1) Фиксни трошоци по интервенција - 300 денари
(2) Трошоци за материјал и работна рака за исклучување по грејно тело - 300 денари
(3) Трошоци за испуштање на ХПВ во сезона – топла вода (денари м3) - 312 денари
(4) Трошоци за испуштање на ХПВ вон сезона – ладна вода (денари м3) - 144 денари

Трошоците за потрошувачите кои присилно се исклучени од грејната инсталација на објектот, а при исклучувањето не се наплатени трошоци за исклучување, при повторно приклучување, потрошувачите се задолжуваат со трошоци за исклучување и приклучување повисоки за 100% од трошоците кои важат за приклучување и исклучување по барање на потрошувачот.

**Член 3**

(1) Количината на испуштена вода зависи од катноста на објектот, така што за секој кат кој треба да се испразни се наплатуваат по 0,5м3 ХПВ
(2) Трошоци за испуштена ХПВ во сезона важат за период од 01.10 до 30.04.
(3) Трошоци за испуштена ХПВ вон сезона важат за период од 01.05 до 30.09
(4) На целиот износ се пресметува данок на додадена вредност.

**Член 4**

Приклучување на потрошувач на грејната инсталација на објектот не се наплатувува, а се реализира само под услов потрошувачот да има исправни елементи за приклучување.

**Член 5**

За потрошувачите кои бараат вршење на други услуги од страна на снабдувачот по барање на потрошувачот се дефинираат следните трошоци:

(1) контрола на инсталирана моќност – бесплатно
(2) контрола на грејна површина – бесплатно
(3) контрола на исклучени потрошувачи – бесплатно
(4) читање на распределувачи – бесплатно
(5) распределба на надоместок за топлинска енергијана ниво на потрошувач – бесплатно

**Член 6**

Снабдувачот при приклучувањето и исклучувањето на потрошувачите ќе ги применува и почитува сите одредби и ценовник на услуги, на Одлуката на Дистрибуција со топлина БЕ, донесена под бр.02-3520 од 18.12.2013 година, а кои се неопходни при реализација на исклучувањата и приклучувањата на потрошувачите.

**Член 7**

Снабдувачот ќе соработува со Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, односно ќе биде логистика во приемот и процесирање на барањата од предметот на оваа Одлука и Одлуката на Дистрибуција на топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје, а реализацијата ќе биде по налог на Снабдувачот, во име и за сметка на Дистрибуција, по ценовници утврдени со оваа Одлука и погоре цитираната Одлука на Дистрибуција со топлина Балкан Енерџи ДООЕЛ Скопје.

**Член 8**

Оваа Одлука стапува на сила со денот на добивање на согласност од Регулаторната Комисија за Енергетика на Република Македонија

Бр.02 - 439
16.04.2014 година

Управител:
Методи Стојчев дип. екк.